ПРЕРАБОТКА И ТРГОВИЈА СО МЕТАЛИ
ЕКОЦЕНТАР 97
тел/факс: +389 2 2551 248; тел/факс: +389 2 2551 068 • ул. 1632 бр.10/II • 1040 Скопје • Македонија
www.ekocentar97.mk; e-mail: contact@ekocentar97.com, ekocentar97@t.mk

Сертифициран Систем certop ISO 9001 / ISO 14001 OHSAS 18001

Друштво за собирање и примарна преработка на отпадоци
ЕКОЦЕНТАР 97 извоз-увоз ДООЕЛ
Бр. 0302/10
07-03 2018 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
СКОПЈЕ

| Примено: 07. 03. 2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. | Број | Прилог | Вредност |
| M | 1621/2 | | |

До
Министерство за животна средина и
Просторно планирање на Република Македонија
Управа за животна средина

Г-ѓа Билјана Зефиќ
Г-ѓа Билјана Петкоска

Почитувани,
Во врска со Вашиот допис од 01.03.2018 година со број 11-1621|1 кој се однесува на Известување за намера на изведување на проект – Експлоатација на техногена суровина (троска) на локалитет „Баш колиби, Велес“ 11/1330|1, Ве информираме дека Ви го доставуваме Писмото за намери во кое се интегрирани сите забелешките кои се дадени од Ваша страна и од страна на Општина Велес а се однесуваат на влијанието на проектот врз животната средина.

Дополнително во прилог на изменетото Писмо за намери, Ви доставуваме и Допис (Одговор на писмото од Оштина Велес) во кој Ве информираме дека не се согласуваме со мислењето на Општина Велес, дека за оваа локација треба да се подготви Студија за оценка на влијание врз животната средина, и во таа насока Ви доставуваме образложение и ги презентираме сите законски аргументи, како и примери на случај во Македонија каде за иста или поголем зафат не е направена Студија туку Елаборат за животна средина.

Почитувани, со оглед дека оваа проектна активност е од национален интерест, сметаме дека е важно, Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија, да го уважи нашето барање за изработка на Елаборат за животна средина за Проектот – Експлоатација на техногена суровина (троска) на локалитет „Баш колиби“ и што побрзо да се започне со експлоатација на троската, што всушност претставува чистење и ремедијација на самиот простор на јаловиштето на топилницата во Велес.

Сметаме дека треба да го прифатите нашето образложение за изработка на Елаборат за животна средина и да донесете Одлука со која треба да се изработи Елаборат за животна средина за Проект – Експлоатација на техногена суровина (троска) на локалитет „Баш колиби“.

Со почит
Скопје 07.03.2018 годи.

ЕКОЦЕНАТР 97 ДООЕЛ Скопје
Владо Момировски
______________________
(управител)